# Програма за локален економски развој на општина Кавадарци

***Програмата за локален економски развој претставува дефиниран збир на проекти кои се планира да се реализираат во текот на 2022 година, и кон кои воглавно ќе бидат насочени активностите на Секторот за Развој***

**2022**



Сектор за Локален Економски Развој
Општина Кавадарци-Локална самоуправа

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 50 став 1 точка 6 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр.5/2002) член 113 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Кавадарци ( „Сл. Гласник на општина Кавадарци„ бр.8/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци му предлага на Советот на Општина Кавадарци на седницата што ќе се одржи на ден 24.12.2021 година, да донесе

# Програма за Локален економски развој на општина КАВАДАРЦИ за 2022 година

**ВОВЕД**

Општините со Законот за локална самоуправа од 2002 година, имаат надлежност и улога да го водат и спроведуваат планирањето на локалниот економски развој, покрај приватниот сектор како главен двигател на локалниот економски развој.

Програмата за локален економски развој претставува дефиниран збир на проекти кои се планира да се реализираат во текот на 2022 година, и кон кои воглавно ќе бидат насочени активностите на Секторот за Развој. Реализацијата на оваа Програма ќе обезбеди континуиран одржлив развој на општината кој треба да го подобри нивото на животниот стандард на жителите на општина Кавадарци.

Програмата за развој воглавно е ориентирана кон зголемување на буџетските приходи од донации, од домашни и меѓународни агенции и фондации, како и кон ефикасно искористување на претпристапните фондови од ИПА Програмата и очекуваните кохезиони фондови.

Програмата и програмските активности се усогласени со Националната стратегија за одржлив развој 2009-2030, Нацонална развојна стратегија 2021-2041, Националната стратегија за интеграција на Р.М во Европската Унија, Стратешкиот документ за помош на земјата од ЕУ за периодот 2014-2020, Националната Стратегија за земјоделство и рурален Развој за 2014-2020, Програма за развој на Вардарскиот плански регион 2021-2026, Регионална програма за инклузивен туризам 2021-2024, Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на Р.Македонија за периодот 2010 – 2020, како и со Милениумските цели согласно последниот извештај за релизацијата, Милениумските цели на Р. Македонија од 2010 година, Агенда 21 и последните промени од РИО+20.

**Цели на програмата**:

- Подобрување на животниот стандарт на граѓаните на општина Кавадарци,
- Континуиран развој на капацитетите на општината за привлекување на инвестиции, зголемување на вработувањата преку развој и реализација на проекти, и промоција на општината,
- Диманичен локален економски развој преку континурано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции и овозможување на добра бизнис клима за развој на јавните приватни партнерства,
- Зајакнување на капацитетите за бизнис и туристичка промоција на општината на домашен и меѓународен план,
- Спроведување на стандарди за квалитет во општината, сертифицирање и подобрување на услугите,
- Воведување на иновативни услуги.
- Подобрување на инфраструктурата како предуслов за Локален економски развој и подобар животен стандарт.
- Поддршка во процесот на заздравување на локалната екопномија од Ковид 19

**НОСИТЕЛИ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ**

Носител на Програмата за Развој е Секторот за Локален економски развој на општина Кавадарци кој во соработка и координација со Градоначалникот ја изготви оваа Програма и истиот ќе биде одговорен за реализација на програмските активности. Секторот за Локален Економски Развој е кадровски екипиран со високо стручен кадар, одговорни за спроведување на програмските активности.

**ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програма ке се реализира од следниве извори на Финансирање:

- Буџет на Општина Кавадарци,
- Буџетот на Р. Македонија,
- Меѓународни донатори присутни во Република Македонија,
- Фондови достапни по Програми на Европска Унија,
- Донации од приватниот Сектор

Програмата е концепирана во следниве поглавја:

1. Локален развој/ Регионален развој
2. Рурален развој
3. Туризам
4. Екологија- Енергетска ефикасност
5. Развој на информатичка технологија
6. Образование и Социјала
7. Извори на финансирање

**ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

***1. ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ / РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ***

**Прекугранична соработка**

Во делот на прекуграничната соработка, секторот за Локален економски развој ќе оствари средби со партнери од Грчка страна, на кои што средби ќе се дефинираат приоритетните области и проекти по кој што ќе се аплицира во 2022 по повикот за ИПА програмата за прекугранична соработка со Грција 2021-2027. Општина Кавадарци ќе го искористи дозволениот лимит за учество во еден тематски приоритет: Зајакнување на туризмот и културното и историско наследство, Специфична цел 1.3 Подобрување на атрактивноста и промовирање на туризмот во прекуграничната област за да се зголеми вработувањето во секторот туризам.

**Проект за изградба и рехабилитација на локални патишта**

Општина Кавадарци во 2020 година, аплицираше до Министерството за транспорт и врски со 6 проекти за реконструкција на улици кои се дефинирани како приоритетни.

Во 2021 година, во првата фаза општина Кавадарци ги реализираше следните проекти:

- "Рехабилитација на горен слој на коловозна конструкција на улиците Илинденска, Пионерска и Браќа Џунови".

Во текот на 2022 година ќе се реализираат проекти од втората и третата фаза.

Во втора фаза ќе се реализираат следните проекти:

- Рехабилитација на горен слој на коловозна конструкција на улица Дисанска
- Рехабилитација на горен слој на коловозна конструкција на улица Западен Булевар

Во третата фаза ќе се реализираат следните проекти:

- Реконструкција на коловозот на улица Максим Горки
- Реконструкција на улица Димката Ангелов Габерот
- Реконструкција на улица Вељко Влаховиќ

**Проект "Реконструкција на локален пат до с.Дреново во општина Кавадарци"**

Општина Кавадарци во 2021 година потпиша договор со Влада на РСМ и ТАВ Македонија Дооел за реализација на проектот "Реконструкција на локален пат до с.Дреново во општина Кавадарци". Вкупната вредност на проектот изнесува 25.129.463,00 денари и истата е обезбедена како Грант од страна на ТАВ Македонија ДООЕЛ. Проектот опфаќа реконструкција на коловозна лента со широчина од 5 метри и поставување на нов асфалт, и ќе се реализира во 2022 година.

**Проект "Изградба на водоводна мрежа за населба Брушани "**

Општина Кавадарци во 2021 година потпиша договор со Влада на РСМ и ТАВ Македонија Дооел за реализација на проектот "Изградба на водоводна мрежа за населба Брушани". Вкупната вредност на проектот изнесува 26.000.000,00 денари и истата е обезбедена како Грант од страна на ТАВ Македонија ДООЕЛ. Проектот опфаќа изградба на водоводна мрежа со цел квалитативно и квантитативно подобрување на водоснабдувањето, и ќе се реализира во 2022 година.

Проектот ќе се изготви во 3фази:

I фаза – примарна мрежа од прекидна комора на Југокомерц во должина од 5,0км

IIфаза- секундарна мрежа надвор од заштитен појас на Тиквешко Езеро во должина од 6,2км

III фаза- секундарна мрежа во заштитен појас на Тиквешко Езеро во должина од 4,4км

**Проект„Градење на општинските капацитетите за спроведување на проекти**

УНДП и Шведската агенција за меѓународен развој СИДА, во 2018 година го отпочнаа проектот за Градење на општинските капацитети за спроведување на проекти. Целта на фондот за техничка документација е да се зголеми капацитетот на општините за да подготват основни и покомлексни инсфраструктурни(развојни) проекти кои што ќе бидат подготвени за финансирање. Општина Кавадарци во 2020 година аплицира со проект за Изработка на проектна документација за реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колекторски систем. Вкупната вредност на Проектот "Изработка на проектна документација за реконструкција на извори,водоводна и фекална мрежа со колекторски систем во месноста Моклиште" е во износ од 33 000 УСД или 1 815 000 денари. Техничката документација за овој проект е изготвена е доставена до општина Кавадарци во 2021 година, додека пак во текот на 2022 година ќе се пронајде можност за финансирање и реализирање на истиот.

**Консултантски услуги и ревизија за проекти**

Консултантски услуги за изработка на студии за потребите на секторот за ЛЕР. Вкупната сума за консултантските услуги која што е потребно да се предвиди во буџетот за 2022 година изнесува ______ .

**Стратегија за Локален економски развој 2021-2025 ?**

Стратешкото планирање за локалниот економски развој на Општина Кавадарци претставува темелна алатка за планирање на развојот на општина Кавадарци, која се состои од следните компоненти: состојбите и ресурсите со кои располага општината, насоките, идеите и плановите за идниот економски развој, како и трасирање на патот за остварување на планираниот реален и остварлив локален економски развој

Методологијата со која се изработува Стратегијата за локален економски развој за Општина Кавадарци ги следи Предлог Насоките за стратешко планирање во единиците на локалната самоуправа подготвени од Владата на Република Македонија, Генералниот Секретаријат на Владата на РМ и Министерството за локална самоуправа на РМ, и истата е усогласена со сите тековни и релевантни европски, национални и локални стратешки документи. Дополнително, Методологијата за изработка на Стратегијата за локален економски развој за Општина Кавадарци ги инкорпорира карактеристиките, расположливите ресурси, потенцијалите, компаративните предности, можностите, преференциите и очекувањата на локалната заедница во областа на локалниот економски развој на Општина Кавадарци.

**Услуги за превод ?**

За потребите на одделението за јавни набавки за правилна примена на измените во законот за јавни набавки, член 36а и член 54 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/2014) како и за потребите на секторот за Локален економски развој, за конкурентно аплицирање пред странски и домашни донатори, од буџетот на општина Кавадарци ќе се обезбедат средства во висина од 50 000 денари, за услуги за превод на тендерска и проектна документација.

**Проект„ Општинско корисна работа”, финансиски поддржан од УНДП и Министерството за Труд и Социјална политика**.

Проектот за општинско корисна работа е финансиски поддржан од програма на Обединетите нации –УНДП и Министерството за Труд и Социјална политика. На територијата на општина Кавадарци се реализира во периодот од 1-ви Септември до Март 2022 година. Времено се ангажирани 20 невработени лица, од кои 13 лица за достава на намирници до лица со нарушена здраствена состојба период од 6/7 месеци, со работен ангажман од 20 работни часа неделно и надоместок од 9000 денари бруто, 2 лица како лични асистенти за деца во средните училишта и 3 лица како волонтери за помош на Банка за храна. Општината го финансира делот за персонален данок на секое ангажирано лице и осигурување од повреда при работа. Ангажманот на лицата се состои од пружење елементарна помош и грижа за стари и изменоштени лица, и лица со оштетен вид на кои им е неопходна подршка и помош.

За реализација на проектот "Општинско корисна работа" во текот на 2021 година се искористени вкупно 540.000,00 денари кои се обезбедени од страна на УНДП и општина Кавадарци.

Општина Кавадарци во 2022 година планира да аплицира по новиот повик од УНДП за услуги коишто ќе бидат предвидени согласно Годишната програма на МТСП и УНДП. Вкупната вредност на проектот изнесува 1.620.000,00 денари од кои 1.296.000,00 денари се обезбедени од УНДП а остатокот од 324.000,00 денари треба да се предвидат во буџетот на општина Кавадарци за 2022 година.

**Реконструкција на регулирано речно корито на река Луда Мара, со партерно и урбано уредување**

Проектот за "Реконструкција на регулирано речно корито на река Луда Мара со партерно и урбано уредување", ќе се аплицира од страна на Вардарскиот плански регион во 2022 година согласно Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2021-2026 година. Овој проект опфаќа реконструкција на регулирано речно корито на реката Луда Мара почнувајќи од улицата Видое Смилевски до Градската болница во должина од 680 метри. Вкупната вредност на финансиските средства за реализација на овој проект изнесува 36.505.000,00 денари, и истиот ќе се аплицира во партнерство со Вардарскиот плански регион, за што општина Кавадарци ќе обезбеди сопствено финансиско учество за по конкурентно аплицирање .

**Псееп- Инвестиции за енергетска ефикасност во општините**

Согласно Јавниот повик бр. ПСЕЕП 01/2021 за доставување на барања за изразување на интерес за користење на средства од ПСЕЕП предвидени во компонента 1 (а) – Инвестиции за енергетска ефикасност во општините, општина Кавадарци во 2021 година аплицираше со проект за "Поставување на фотоволтаични системи на јавно улично осветлување во општина Кавадарци" како и "Постаување на фотоволтаични системи на јавни институции во општина Кавадарци" на следните јавни институции:

- ЈОУ Библиотека "Феткин"
- Дом на култура "Иван Мазов - Климе"
- ПОУ "Страшо Пинџур"- с.Возарци
- ПОУ "Страшо Пинџур" - с.Дреново
- ПОУ "Страшо Пинџур" - с.Марена
- ПОУ "Тоде Хаџи–Тефов" – с.Бегниште
- ПОУ "Димката Ангелов-Габерот" – с.Сопот
- ЈОУДГ "Рада Поцева"
- ООМБУ "Лазо Мицев Рале"
- Спортска сала Партизан

Проектот се очекува да се реализира во текот на 2022 година.

**Поддршка на имплементацијата на декадата и стратегијата за ромите – Потпорен ѕид на улица Клинска**

Согласно Јавен повик за поднесување на барања за користење на средства од Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2021 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, општина Кавадарци во 2021 година аплицираше со проект за “Доградба на потпорен ѕид (заштита на инфраструктурни линии на улица Клинска)“. Вкупната вредност на овој проект изнесува 2.303.607,80 денари. Општина Кавадарци ќе учествува со сопствени средства при реализација на проекните активности во висина од 303 607,80 денари додека од буџетот на Министерството за транспорт и врски, за реализација на проекните активности потребни се 2 000 000 денари. Овој проект ќе се реализира во текот на 2022 година.

**Проект за реконструкција на локален пат од Кавадарци до с.Дисан**

Општина Кавадарци има изготвено проектна документација за “Реконструкција на локален пат од Кавадарци до с. Дисан„ во должина од 1,850м. Вкупната должина на локалниот пат изнесува 6200м и истиот минува низ територијата на општина Кавадарци и општина Неготино. Во 2022 година ќе се изготви дополнителна проектна документација за останатиот дел од локалниот пат и ќе се изнајди можност за финансирање и реализирање на истиот.

**Набавка на високо професионални специјализирани возила**

Проектот “Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општина Велес, Неготино, Свети Николе и Кавадарци преку набавка на високо професионални специјализирани возила согласно европските стандарди” е дел од изменета и надополнета годишна листа на предлог проекти за развој на ВПР за 2021/2022. Овој проект кој го аплициравме има огромно регионално значење со оглед на фактот што со самиот проект се предвидува набавка на возила за пожарникари од четири пожарникарски единици од регионот, како и фактот што овие единици покриваат противпожарно и 5 (пет) други општини од регионот. Од страна на носителот на проектот како и од страна на проектните партнери во проектот не е предвидено финансиско учество. Центарот за развој на Вардарски плански регион и општините партнери во проектот ќе ги стават на располагање своите човечки ресурси за негова целосна имплементација, од избор на најповолен понудувач за набавка на ваков тип на возила се до нивно конечно добивање следејќи ги сите европски стандарди кои што треба да ги задоволува. Вкупниот буџет за реализација на проектот изнесува 24.600.000,00ден. Општина Кавадарци во буџетот за 2022 година треба да предвиди финансиски средства во висина од 1.000.000,00 денари.

**Пакомак 2022**

Општина Кавадарци во 2022 година ќе аплицира на конкурсот за избор на најеколошка општина кој го распишува Пакомак. Конкурсот се однесува на сите активност и резултати во делот на екологијата постигнати во 2021 година.

**Проект за тампонирање на Танко патче**

Општина Кавадарци во соработка со Вардарски плански регион аплицираше со проект за “Приспособување на патна инфраструкутра за пристап до земјоделско земјиште на М.В. Танко Патче“. Проектот е во вредност од 1.199.942,00 денари и ќе се реализира во 2022 година.

**БРР – развој на урбани подрачја**

Согласно Јавен повик за прибирање на предлог проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој, општина Кавадарци во 2021 година аплицираше со проект "Поставување на фотонапонски панели на 10 Јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќ од 19.2 kW/h". Проектот е со вкупна вредност од 6.842.820,00 денари. Општина Кавадарци учествува со финансиски средства во висина од 3.352.981,80 денари, додека пак останатите средства во висина од 3.489.838,20 денари се обезбедени од Биро за регионален развој. Овој проект ќе се реализира во 2022 година.

**Осветлување на пешачка патека во м.в. Љубаш**

Општина Кавадарци во соработка со Сојуз на училишен спорт и Алианс Оне – Кавадарци, во 2021 година започна со маркирање и уредување на пешачката патека, односно поставување на летниковци во м.в. Љубаш. Во 2022 година уредувањето на патеката ќе продолжи да се реализира, со тоа што целосно ќе се постави осветлување во вкупна должина од 1000 метри. Во буџетот на општина Кавадаци за 2022 година треба да се предвидат финансиски средства во висина од 400.000 денари.

**Поставување на опрема за адреналински парк во Градски парк Кавадарци**

Општина Кавадарци во текот на 2022 година планира да постави опрема за адреналински парк кој ќе биде наменет за најмладите а ќе биде лоциран во градскиот парк "Љупчо Шкартов" во Кавадарци. Адреналинскиот парк ќе има најразлични содржини за најмладите, а ќе се разгледува и можноста за поставување еден "Zip-line".

**Опремување на детско игралиште и поставување на летниковци на м.в. Брана Моклиште**

Во 2022 година општина Кавадарци ќе започне со опремување на детско игралиште со детски реквизити, како и поставување на дрвени лениковци на м.в. Брана Моклиште. Покрај овие активности, се планира дополнително хортикултурно уредување околу самото игралиште и летниковците.

**Проект „Го сакам Кавадарци"**

Секторот за локален економски развој, во Септември 2020 година, започна со реализација на проектот, Го сакам Кавадарци, проект кој што е наменет за сите оние лица што навршуваат 18 години. Општина Кавадарци, изработи книга која ја подаруваме на секој кој што полни 18 години, а во неа низ збор и слика ќе можат да го осознаат својот град, кој што ја почитува традицијата, ја живее сегашноста и ја планира иднината. Исто така проектот предвидува набавка на ќеси, чаши и приврзоци. Во 2021 година беа подарени 444 броја пакети на сите оние кои стекнуваа полнолетство. Вкупната вредност на проектот изнесува 200.000,00 денари. Проектот ќе продолжи и во 2022 година.

**Проект: Пост-Ковид општините како двигатели за одржливиот развој – со општина Неготино**

По повикот од UNDP за воспоставување на меѓуопштинска соработка, општина Кавадарци аплицираше заедно со општина Неготино со заеднички проект за воспоставување на меѓуопштинска соработка , како и набавка на противпожарна опрема и обучување на

пожарникари. Опремата која до крај на 2021 година ќе биде набавена е за пожарникарската служба на ТППЕ Кавадарци и ТППЕ Неготино кои дејствуваат и на териториите на општина Росоман и општина Демир Капија. Овој проект е со вкупна вредност од 2.870.160,00 денари од кои од страна на UNDP се одобрени средства во висина од 1.592.160,00 денари. Останатите средства ги обезбедуваат општините, општина Кавадарци учествува со 177.000,00 денари а општина Неготино со 101.000,00 денари. Проектот е во времетраење од 9 месеца и ќе продолжи во 2022 година согласно предвидените активности.

**Соработка помеѓу општина Кавадарци и Агенција за млади и спорт**

Со цел развој на спортот во општина Кавадарци, предвидено е да се аплицира со проект за постауввање на тартан патека на Спортски центар Јасмин до Агенцијата за млади и спорт во 2022 година.

**Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство**

Главната цел е да се подобри пристапот до специјализирани сервиси за жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство на локално ниво. Советувалиштето ќе биде лоцирано во општина Кавадарци, на локација која е лесно достапна и пристапна за лица со физичка попреченост, а ќе го користат жени и деца жртви на насилство од општина Кавадарци, Росоман, Демир Капија и Неготино. Дополнително во советувалиштето може да се обезбеди советување и поддршка преку интернет платформи, особено во услови на здравствена криза како КОВИД-19, како и за корисннички кои не можат физички да го посетат советувалиштето. Овој проект е со вкупна вредност од 1.358.000,00 денари од кои општина Кавадарци во буџетот за 2022 година треба да предвиди финансиски средства во висина од 794.190,00 денари.

**Аплицирање по јавни повици од амбасади**

Општина Кавадарци во 2022 година планира да аплицира по јавни повици од странски амбасади присутни во РСМ со соодветни приоритетни проекти. Согласно насоките и критериумите, јавните повици се насочени кон развој и подигнување на образовниот процес, како и поттикнување на социјалниот и економскиот развој на општината.

- **Грант средства од Јапонска амабасада во Скопје- Клуб на читатели Градска библиотека**

Јапонската амбасада во Скопје секоја година доделува Грант средства до невладини организации и јавни институции за реализирање на развојни проекти. Општина Кавадарци има изготвено проектна документација за пренамена и адаптација на "Клуб на читатели" при Дом на култура. Проектот ќе се аплицира во Јапонската амбасада во Скопје во 2022 година.

- **Полска Амбасада – проект за опремување на кабинети по хемија и биологија**

Општина Кавадарци во 2021 година со Полската амбасада во РСМ, потпиша договор за реализација на проект за подигнување на образовниот процес во ООУ "Димката А. Габерот". Предмет на овој договор е "Набавка на опрема за кабинети по биологија и хемија" Средствата за реализација на набавката се во износ од 614.500,00 денари со вклучен ддв. Проектот ќе се реализира во 2021/2022 година..

## 2. *РУРАЛЕН РАЗВОЈ*

Согласно Програмата за рамномерен регионален развој за 2021/2022 година општина Кавадарци аплицираше со сопствени проекти за развој на руралните подрачја. Во 2022 година, Општината ќе ја искористи можноста за аплицирање со сопствен проект за финансирање на проекти за развој на планските региони врз основа на предложени проекти од советите за развој на планските региони.

**Биро за регионален развој**

**Развој на подрачја со специфични развојни потреби**

По Јавен повик за развој на подрачјата со специфични развојни потреби објавен од Биро за регионелен развој, општина Кавадарци во 2021 година аплицираше со проект "Реконструкција на локален пат во с.Бохула". Вкупната вредност на проектот изнесува 3.746.674,00 денари во кои општина Кавадарци учествува со 1.873.337,00 денари или 50% од вкупната вредност. Проектот ќе се реализира во 2022 година.

**Развој на села**

По објавениот јавен повик за развој на села, во 2021 општина Кавадарци аплицираше со проект "Реконструкција и поврзување на постоечка фекална канализација во с.Возарци – фекален колектор". Вкупната вредност на проектот изнесува 3.022.113,00 денари со вклучен ДДВ, учеството на општината е во износ од 1.541.277,00 денари, а остатокот од 1.480.836,00 денари е учество на Бирото за регионален развој на Република Северна Македонија.

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој**

Согласно програмата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој за 2022 година општина Кавадарци ќе аплицира со сопствени проекти по трите мерки и тоа:

-Мерка 321 – Подобрување на квалитетот на животот во руралните средини,
-Мерка 322 – Обнова и развој на села,
-Мерка 323 – Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните средини,
-Мерка124 – Пристап до земјоделско земјиште. Општината ќе ја искористи можноста за аплицирање со проект во парнтерство со Вардарскиот плански регион, како дел од програмата за развој на планските региони за 2022 година. Општина Кавадарци има обврска да го финансира делот на ДДВ односно 18% од вкупната вредност на инвестицијата.

**Проект за инсталирање на мерни станици за смарт земјоделство во општините Кавадарци, Неготино, Росоман и Демир Капија – Вардарски плански регион**

Општина Кавадарци во соработка со Вардарски плански регион ќе го реализира проектот „Инсталирање на мерни станици за СМАРТ ЗЕМЈОДЕЛСТВО во општините Кавадарци, Неготино, Росоман и Демир Капија". Вкупната вредност на проектот изнесува 10.000.000,00 денари од кои 9.000.000,00 денари се обезведени од страна на Биро за регионален развој додека остатокот од 1.000.000,00 денари ќе бидат обезведени од општините Кавадарци, Неготино, Росоман и Демир Капија. Општина Кавадарци за поставување на 18 мерни станици

од буџетот треба да предвиди финансиски средства во износ од 450.000,00 денари. Проектот ќе се реализира во 2022 година.

## 3. ТУРИЗАМ

**Субвенции за туристички манифестации, проекти и форуми од областа на туризмот**

Министерството за економија, секоја година распишува Јавен повик за субвеницонирање на проекти за туристички манифестации, проекти и одржување на форуми од областа на туризмот. Максималните финансиски средства според правилникот што може да бидат доделени се 120 000 денари. Општина Кавадарци во 2022 година, ќе аплицира за субвенционирање на манифестацијата Тиквешки гроздобер, како најголема манифестација во градот.

**Техничка поддршка за организирање и спроведување на манифестации за промоција на земјоделски производи**

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на годишна основа, распишува оглас за техничка поддршка за организирање и спроведување на манифестации за промоција на земјоделски производи. Општина Кавадарци во 2022 година, планира да аплицира со проект за промоција на земјоделски производи (грозје, вино, ракија, маџун, гроздов сок, и останати производи од локални производители) кој што ќе го збогатат Тиквешкиот гроздобер како и промоција и развивање на Градска Винотека и Винскиот Музеј.

**Развој на вински туризам и семејни винарии**

Во 2021 година општина Кавадарци го реализира проектот "Градска Винотека" со што семејните винарии од територијата на општина Кавадарци добија можност да ги промовираат нивните производи. Во 2022 година во Буџетот на општина Кавадарци ќе се предвидат 1.000.000,00 денари со цел развој на вински туризам, промоција и поддшка на семејните винарии.

**Финансиска поддршка на културни, забавни,спортски, гастрономски и еколошки манифестации**

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, согласно програмата за работа во 2022 година, објавува Оглас за Финансиска поддршка на културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации. Секоја општина/здружение, може да аплицира за грант средства во висина до 120 000 денари.

**Развој и промоција на туризмот на Тиквешко Езеро**

Општина Кавадарци во 2022 година ќе реализира проект за " Развој и промоција на туризмот на Тиквешко Езеро". Проектот предвидува набавка на пловен објект кој што ќе служи за посета на Полошки манастир („Св. Георгиј") до кој нема пристапен пат како и разгледување на езерото и посета на пештерска црква „Св. Лазар" - Бегниште.

**Проект "Поставување на билборд табли со мапа на културно-историски и туристтички аспект"**

Со реализација на овој проект се цели во секоја од селските месни средини да се постават билборд табли на кои ќе има туристичка мапа на која би биле одбележани сите можни

културно-историски и туристички знаменитости со што секој посетител кој би го посетил определеното село би бил информиран за можностите кои ги нуди тоа определено подрачје . Предвидено е поставување на 25 дрвени билборди во десет селски месни средини кои во својот атар поседуваат објекти од природно или вештачко потекло а со тоа се пружат услови за привлекување на посетители или туристи од земјата или странство. Проектот ќе биде финасиран преку буџетот на општина Кавадарци во висина од 250.000 денари.

**Проект "Поставување на дрвени патокази во селските месни средини како и на дел од локалните патни правци"**

Проектот има за цел да ги насочи посетителите за полесно пронаоѓање на дадена туристичка атракција (излетничко место, културен споменик, верски објект). Предвидено е поставување на 15 дрвени столбови со 225 патоказни знаци. Проектот ќе биде финасиран од буџетот на општина Кавадарци во износ од 300.000 денари.

**Проект "Изработка на сувенири за туристчки цели (магнети, разгледници, подметачи за чаши, приврезоци)"**

Реализацијата на овој проект би придонела за промовирање на општина Кавадарци како туристичка дестинација кои ќе бидат наменети за посетители, туристи како и странски делегации. Проектот ќе биде финасиран од буџетот на општина Кавадарци во износ од 300.000 денари.

**Проект "Изработка на пропаганден туристички матерјал(брошури, мапи и разгледници)"**

Изработката на туристичкиот пропаганден матерјал има за цел да ја промовира општина Кавадарци како туристичка дестинација од алтернативен карактер. Во самите брошури ќе биде вметнато се она што преставува компаративна предност на регионот, но во исто време да ги потенцира можностите за практикување на: вински, планински и езерски туризам. Проектот ќе биде финасиран од буџетот на општина Кавадарци во износ од 400.000 денари.

**Проект "Ревитализација на Стражарската кула до поранешното музичко училиште"**

